Предлог

Врз основа на член 106 став 2 и став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на 60-тата седница одржана на ден _.01.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на член на Училишен одбор на ООУ ,,Блаже Конески” Велес, претставник на Општина Велес**

1. Со ова решение се констатира престанок на мандат на член на Училишен одбор на ООУ ,,Блаже Конески” Велес, Сениха Брзева, претставник на Општина Велес.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение:

На ден 20.01.2025 година од страна на претседателот на Училишниот одбор на ООУ ,,Блаже Конески” Велес до претседателот на Советот на Општина Велес е доставено Известување за престанок на мандат на член на Училишен одбор на ООУ „Блаже Конески” Велес претставник на Општина Велес со арх.бр.25-580/1 од 20.01.2025 година.

Врз основа на член 106 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25): „Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот“ и став 5: „ Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години“.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.12.2021 година донесе Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во ООУ „Блаже Конески“ Велес со бр.25-4804/12.

Поради истек на три годишниот мандат на именуваниот член на Училишен одбор на ООУ ,,Блаже Конески” Велес, Сениха Брзева, претставник на Општина Велес, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 20-01-2025
Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност:
25-580/1 | 1

ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВЕЛЕС
ул. Љубљанска бр. 1 Велес тел.043/222-090
e-mail:oublazekoneski@yahoo.com www.blazekoneskiveles.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Бр. 03-2/1
20. 01. 2025 год.
ВЕЛЕС

До
Совет на Општина Велес

Предмет: Известување

Почитувани,

ООУ„Блаже Конески“ Велес Ве известува дека лицето Сениха Брзева како член во Училишен Одбор е номонирано од страна на Општина Велес на ден 16.12.2021г. Поради тоа што е истечен нејзиниот мандат, а за непречено одвивање на работата на Училишниот Одбор при ООУ„Блаже Конески“ Велес Ве замолуваме во најкраток временски период да номинирате ново лице.

Со почит,

Претседател на Училишен Одбор

Петар Петков